ОДРЖАНА ТРЕТАТА ФОРУМСКА СЕСИЈА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ, ФАЗА 2“

На 15 септември 2026 година, во салата на Општина Шуто Оризари, се одржа третата форумска сесија во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети, Фаза 2“.

На сесијата присуствуваа граѓани, претставници на локалната самоуправа, граѓански организации и други засегнати страни, кои активно учествуваа во отворен и конструктивен дијалог посветен на потребите и приоритетите на локалната заедница.




Во рамки на оваа сесија беа презентирани проектните иницијативи кои произлегоа од претходно утврдените потреби и приоритети на граѓаните. Преку презентациите и дискусијата, присутните имаа можност подетално да се запознаат со предложените проекти и нивното значење за локалната заедница.

Посебен акцент беше ставен на директното учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки. На следната форумска сесија ќе се одржи гласање, преку кое граѓаните ќе имаат можност да го дадат својот глас и директно да одлучат кој од предложените проекти ќе биде избран за понатамошна реализација.




Со овој процес се создава можност граѓаните активно да придонесат во утврдувањето на локалните приоритети и заеднички да учествуваат во креирањето на иницијативи насочени кон подобрување на условите за живот и развој на Општина Шуто Оризари.



Заедно за подобра и поразвиена локална заедница!